АГЕНЦИЈА
ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА
ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО
NATIONAL EXTENSION AGENCY

AGJENCIA
PËR NXITJEN TË ZHVILLIMIT TË
BUJQËSISË
NATIONAL EXTENSION AGENCY

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за поттикнување на
развојот на земјоделството
Agjencia për nxitje të zhvillimit të bujqësisë
Бр./Nr. 04-1461/1
23-06-2025 20___ год./vit
Битола-Manastir

Врз основа на член член 52 став 1 Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16,11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството ја донесе следната

О Д Л У К А

за избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2025 за унапредување на административен службеник во Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството

1. Кандидатот **Адријана Костовска** по пат на интерен оглас бр.01/2025 се избира за работно место 01.УПР0101Б04ООО Раководител на одделение за рурален развој и ЕУ проекти, Одделение за рурален развој и ЕУ проекти, Сектор за земјоделство и рурален развој -1 извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерниот оглас 01/2025 со архивски број 04-82/12 од 09.06.2025 година.

3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4 Одлуката влегува на сила со денот на донесувањето

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерстовото за финансии бр.19-3300/2 од 17.04.2025 година, .Директорот на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството упати барање со бр.04-82/10 од 09.06.2025 година за објавување на интерен оглас за унапредување на адмнистративен службеник во Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството. Одделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 01/2025 со архивски број 04-82/12 од 09.06.2025 година за унапредување на 2 (два) административни службеници во Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, на ден 13.06.2025 година на веб страницата на Агенција за

поттикнување на развојот на земјоделството и на веб страницата на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник, комисијата за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување по Интерен оглас со број 04-82/16 од 19.06.2025 година, направи административна селекција на пријавените кандидати кои што ги исполнуваја условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за ситематизација на работните места во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас за број 01/2025 за унапредување на административен службеник со архивски број 04-82/18 од 20.06.2025 година, Записник од спроведеното интервју за унапредување на административен службеник на работно место од категорија Б со архивски број 04-82/19 од 20.06.2025 година и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 01/2025 со архивски број 04-82/12 од 09.06.2025. Врз основа на ранг листата Директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

Доставено до:

-Именуваниот/та,
-Одделение за управување со човечки ресурси,
-Архива

Директор

М-р Пеце Стојковски

Изработил:Љупчо Лозановски